OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.38 од Статутот на Охридска банка АД Скопје и глава III, точка 5 и 7 од Одлуката на НБРМ за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка (Сл. весник 159/2007), Собранието на акционери на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 17.5.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје**

1. Се ревидира и се одобрува Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје од 11.5.2017 година, одобрен со Одлука СО бр.0201-26237/9-1 од 11.5.2017 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје од 11.5.2017 година, одобрен со Одлука СО бр.0201-26237/9-1 од 11.5.2017 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. ___________**
**17.5.2018 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

____________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно
управување на Охридска банка АД Скопје

Согласно Одлуката за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка (Сл. весник 159/07), Надзорниот одбор на Банката е должен да подготви и да го почитува Кодексот за корпоративно управување на Банката.

Собранието на Банката го донесува Кодексот за корпоративно управување на Банката.

Кодексот за корпоративно управување на Банката ги опфаќа правилата на управување со Банката и правилата за надзор на управувањето.

Најмалку еднаш годишно, Кодексот за корпоративно управување е предмет на ревидирање.

Со ревидирањето на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје од 11.5.2017 година, одобрен со Одлука СО бр.0201-26237/9-1 од 11.5.2017 година, беше утврдено дека тој е во согласност со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Одлуката за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка, Статутот и со другите интерни акти на Банката, и е соодветен на видот и обемот на финансиските активности што ги врши Банката, поради што беше одлучено Кодексот да биде одобрен.